РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

03-5502/1

Врз основа на член 17 точка ѓ), а во врска со членовите 41, 44 ,45, 46, 47, 48 и 51 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/2010) во постапката за определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 26.10.2010 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВА Македонски Телеком АД Скопје за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо – Физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен или поделен разврзан пристап) на фиксна локација, на географското подрачје на Република Македонија.

II

На Македонски Телеком АД Скопје, му се наметнуваат следните обврски:

- Пристап и користење на специфични мрежни средства;
- Транспарентност;
- Недискриминација;
- Водење на посебно сметководство; и
- Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци.

III

Македонски Телеком АД Скопје, е должен обврските утврдени во точка II на ова решение да ги исполни на начин и постапка утврдена во Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

IV

Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка на Македонски Телеком АД Скопје, што е одобрена од страна на Агенцијата за електронски комуникации, останува во сила.

V

Ова решение ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

V

Решението е конечно.

О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 41 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо – Разврзан пристап на локална јамка и подјамка за вршење на услуги од широк опсег и говорни услуги. Анализата беше извршена на начин и постапка утврдена со Законот за електронските комуникации, и прописите донесени врз основа на него, а при тоа имајќи ги предвид основните напатствија на Европската комисија за вршење на анализи на релевантните пазари и утврдување на оператори со значителна пазарна моќ на соодветен телевантен пазар, како и Препораката на Европската комисија за релевантни пазари на производи и услуги подложни на ex-ante регулација, објавена во службено гласило на Европската унија (OJ.L344 од 28.12.2007 година.

Во согласност со член 105 од Законот за електронските комуникации, на ден 22.04.2010 година, Агенцијата за електронски комуникации на својата веб страна објави Нацрт-документ за анализата на пазари " 11 – Разврзан пристап на локална јамка и подјамка за вршење на услуги од широк опсег и говорни услуги" и им даде можност на сите заинтересирани страни да дадат свои мислења, забелешки и

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

коментари по истата. Финалниот документ за анализата со вклучените мислења од заинтересираните страни беше објавен на веб страната на Агенцијата за електројнски комуникации на ден 15.06.2010 година.

При спроведувањето на анализата беа користени податоци за периодот 01.01.2007 до 30.06.2009 година.

Врз основа на спроведената анализа се заклучи дека на релевантниот пазар за разврзан пристап на локална јамка и подјамка за вршење на услуги од широк опсег и говорни услуги се обезбедуваат следните видови на услуги:

- услуга за целосно разврзан пристап на локална јамка и локална подјамка која се темели на бакарна мрежа со кој операторот корисник може да разврзе бакарна парица и да го користи целосниот фреквенциски спектар за нудење на широкопојасен интернет и говорни услуги,
- услуга за поделен пристап на локална јамка и подјамка која се темели на бакарна мрежа со која операторот корисник ќе биде во состојба да го користи фреквенцискиот спектар за обезбедување на широкопојасни услуги, односно го користи фреквенцискиот спектар над оној потребен за обезбедување говорни услуги, на начин што говорните телефонски услуги ќе останат како можност да ги обезбедува МТ,
- услуга на разврзан пристап на локална јамка по пат на оптичко влакно без разлика на технологијата со која е имплементирана оптичката пристапна мрежа ,
- услуга за пристап до простор во каналите (ducts access) за инсталирање на кабли (бакар, коаксијален или оптички) ,
- услуга за пристап до неосветлено оптичко влакно (dark fibre)
- услуга колокација, која вклучува физичка, оддалечена и виртуелна колокација

Имајќи ги предвид горе наведените услуги, како и Препораката на Европската комисија за релевантни пазари на производи и услуги подложни на ex-ante регулација, објавена во службено гласило на Европската унија (OJ.L344 од 28.12.2007 година се заклучи дека називот на релевантниот пазар не соодветствува со видот на услугите што се обезбедуваат на тој пазар поради што истиот се преименува во релевантен пазар за продажба на производи и услуги на големо – Физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен или поделен разврзан пристап) на

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

фиксна локација, како што е и определено во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација, број 02-5015/1 од 23.09.2010 година. Исто така, врз основа на спроведената анализа се заклучи дека релевантен пазар за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен или поделен разврзан пристап) на фиксна локација, во географска димензија, е целата територија на Република Македонија.

Основната цел на анализата беше и да се определи дали на релевантниот пазар има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори или даватели на услуги да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

При проценката дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени предвид критериумите утврдени во член 40 став 4 од Законот за електронските комуникации и истите се детално разработени во Финалниот документ за анализа на пазар " 11 – Разврзан пристап на локална јамка и подјамка за вршење на услуги од широк опсег и говорни услуги" .

Имајќи го предвид резултатите од спроведената анализа, се заклучи дека Македонски Телеком АД, Скопје е оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо – Физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен или поделен разврзан пристап) на фиксна локација, на географското подрачје на Република Македонија.

Со оглед на ова, а во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата, во согласност со членовите 41, 44 ,45, 46, 47, 48 и 51 од Законот за електронските комуникации на определениот оператор со значителна пазарна моќ му се утврдуваат обврски за кои се смета дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна моќ на пазарот за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен или поделен разврзан пристап) на фиксна локација.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

Поради сето ова горе наведено се донесе решение како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска

Сектор за анализа на пазарот
Раководител
Васка Петровиќ

ДИРЕКТОР
Петар Иваноски

Број 03-5507/1
28.10.2010 Скопје